Даринка ПАЧЕМСКА ПЕТРЕСКА

# ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ ВО МАЛЕШЕВИЈАТА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

По завршувањето на воените дејства есента 1918 година и враќањето на српските воени и административни власти во вардарскиот дел на Македонија, била воспоставена и организацијата на српската црква. Прашањето за начинот на отстапување на епархиите во Македонија на Српската православна црква било предмет на преговори меѓу државно-црковната делегација на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и делегацијата на Светиот синод на Цариградската патријаршија во 1919 година. Вселенската патријаршија се откажала од епархиите во Босна и Херцеговина и во Македонија, а владата на Кралството СХС за нив платила 1 500 000 франци. Во март 1920 година, врз основа на претходниот договор, Архиерејскиот собор на Цариградската патријаршија донел одлука со која бил даден благослов за преминување на епархиите во „Јужна Србија“ (Македонија) и Босна и Херцеговина кон Српската православна црква, а тоа прашање било заклучено со Томосот на Цариградската патријаршија од 19 февруари 1922 година.[1]

Уште во 1919 година во црковен поглед делот од Македонија под српска власт бил поделен на 4 црковни административни единици. Тоа биле Скопската митрополија и трите епархии: Охридска, Битолска и Злетовско-струмичка.[2] Малешевијата влегла во Злетовско-струмичката епархија со седиште во Штип. Со Уставот на Српската православна црква од 1931 година бројот на епархиите бил намален на три: Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка.[3] Статусот на Малешевската црковна околија во таа поделба не се променил, односно таа останала составен дел на Злетовско-струмичката епархија, сè до пропаѓањето на Кралството Југославија. Во периодот меѓу двете светски војни се промениле четворица архиереи на Злетовско-струмичката епархија: епископот Серафим, епископот Венијамин Таушановиќ, епископот Симеон и епископот Викентие. Архиерејот на епархијата си назначувал во секоја од околиите свој архиерејски наместник.

Архиерејски наместник за Малешевска околија во првите две години бил свештеникот Младен Димитриевиќ, Србин од Призрен, а од 1921 година наместник бил свештеникот Илија Кацарски од Берово. Кон средината на три-

---

[1] Доне Илиевски, Афтокефалноста на МПЦ, Скопје 1972, 104; Јован Белчовски, Афтокефалноста на МПЦ, Скопје 1989, 136; Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-1941), Скопје 1995, 41-43.

[2] Д. Костадиновски, op. cit., 52-53.

[3] Ibidem, 62.

есеттите години намесник бил свештеникот Јован Парѓовски од с. Русиново на служба во Пехчево и по 1938 година повторно Илија Кацарски.[4] На чело на сестринската заедница при женскиот манастир Св. Архангел Михаил во Берово се наоѓала Евгенија III од фамилијата Штрбевци од Берово.[5]

По барање на Злетовско-струмичката епархија уште на 23.11.1918 година тогашниот наменсик М. Димитриевиќ направил список на свештениците во Малешевската околија. Според евиденцијата имало вкупно 23 свештеници, а биле поделени во 12 парохии.[6] Во натамошните прибирања податоци за тоа колку сите свештеници се способни да чинодејствуваат и дали сите се во своите епархии, произлегло дека сепак треба да се направат одредени промени. На пример, за свештеникот Димитрие Чиплаковски од Берово, кој порано бил свештеник во Бугарија, било утврдено дека не е во состојба да ја продолжи понатаму службата, а за свештеникот Јован Парѓовски се водела тајна истрага каде се наоѓал и дали е вратен од Бугарија итн.[7] Во февруари 1919 година, во новиот список се регистрирани 25 свешеници. Во наредните години бројот на парохиите се менувал. Така, во почетокот на триесеттите години, во Малешевската околија имало 7 парохии.[8]

Уште во декември 1918 година била направена посебна евиденција на црквите и свештениците со бројот на православните домаќинства во секое место.[9] Поголемиот број од христијанските цркви во кои верниците од Малешевијата ја исповедувале својата вера и ги изведувале верските обреди по разни поводи, биле изградени во претходниот период.[10]

---

[4] Архив на Македонија (АМ) Скопје, Подрачно одделение (ПО), Штип, фонд, Православни намесник среза Малешког, Берово, кутија 1, ар. бр. 14, 29; Македонска академија на науките (МАНУ), Скопје, фонд, Венцеслав Парѓовски, кутија 2, Преписка Писмо од 24.3.1938 потпишано од поп Јован Парѓов.

[5] Оваа игуманија била просрпски ориентирана и при настапувањето на бугарската војска во 1915 година заминала заедно со една поголема група просрпско ориентирани Малешевци за Солун. По враќањето на српската власт во Малешевијата се вратила и била поставена повторно за игуманија на споменатиот манастир.

[6] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 1, ар. бр. 20.

[7] Ibidem, к. 1, бр. 13 и 114.

[8] Д. Костадиновски, op. cit., 62.

[9] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 1, ар. бр. 20 (според оваа евиденција во Беровската парохија имало 424 домаќинства и 5 свештеници, во Владимирска парохија 240 домаќинства и двајца свешеници, во Русинска парохија 185 домаќинства и тројца свештеници, во Ратевската парохија 138 православни домаќинства и двајца свештеници, во Пехчевската парохија: Пехчево и с. Негрево, вкупно 130 православни домаќинства и двајца свештеници, во Чифличката парохија 62 домаќинства и еден свешеник, во Смојмирската парохија 74 домаќинства и еден свештеник, во Умленската 75 домаќинства и еден свештеник, во Робовската парохија 94 домаќинства и еден свештеник, во Будинарската парохија (с. Будинарци и с. Мачево) со 130 домаќинства во Будинарци и со 30 домаќинства во с. Мачево двајца свештеници, во Митрашинската парохија со 155 домаќинства еден свештеник и еден во Разловечката парохија (Разловци со 140 домаќинства заедно со с. Тработивиште).

[10] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 1, ар. бр. 29; Ахил Теохаров, Записи и натписи во манастирот „Св. Архангел Михаил“ во Берово, Скопје 1985, 7-11; К. Камберски, С, Младеновски, Просветните прилики во Мале-

Во селата каде што до почетокот на дваесеттите години на XX век не биле подигнати цркви и онаму каде што постарите цркви биле разурнати или оштетени од силниот земјотрес во 1904 година или во разните војни, биле подигнати меѓу двете светски војни нови цркви, но нови цркви биле подигнати и во Берово. Една од нив е црквата Св. Богородица, во центарот на Берово, која започнала да се гради пред Првата балканска војна во 1911 година, а била завршена во 1923 година и осветена на верскиот празник Св. Димитрија – Митровден во 1923 година, во присуство на злетовско-струмичкиот епископ Серафим.[11] Во 1925 година кралот Александар Караѓорѓевиќ го купил црковното ѕвоно (камбаната) за оваа црква во Берово.[12]

Црквата Св. Богородица Балаклија во близината на Берово е изградена во почетокот на дваесеттите години на XX век (1922 година) врз темелите на старата црква од турскиот период и во близина на изворот Света Вода.[13] Црквата Св. Тодор во градот Берово била подигната во исто време кога и двете споменати цркви (1922-1923 година) на местото каде што претходно била ископана икона со ликот на Св. Тодор Стратилат, заштитникот на Берово. До оваа црква биле преместени и градските гробишта, кои дотогаш се наоѓале околу црквата Св. Ѓорѓи.[14]

Црквата Св. Петка во с. Црник е градена во дваесеттите години на истиот век, на чие осветување присуствувал и злетовско-струмичкиот архиерej епископот Венијамин.[15] Св. Богородица во с. Двориште е градена кон средината на дваесеттите години на XX век, а осветена е на 21 септември

шевско во XIX век, Просветно дело 1-2, Скопје 1985, 55; А. Николовски, Евиденција на спомениците на културата во Берово, Делчево и Виница, Културно наследство, X-XI, Скопје 1987, 177- 178, 180, 215; Душанка Матевска, Спомениците на живописот во малешевскиот крај од XIX и почетокот на XX век, магистерски труд, одбранет на Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје 1999, 71, 74, 79, 90-95, 102-119. (Тоа биле: манастирската црква Св. Архангел Михаил во Берово подигната во 1818 година, Св. Спас во с. Владимирово градена од 1840 до 1842 година; Успение на Св. Богородица во с. Робово, изградена 1847 година; Св. Ѓорѓи во с. Будинарци, подигната 1854 година; Св. Апостоли Петар и Павле во Пехчево, изградена 1858 година со камбанарија изградена 1925 година, Св. Константин и Елена во с. Негрево, подигната 1858 година; Св. Илија во с. Митрашинци, градена најверојатно меѓу 1852 и 1864 година; Св. Петка во с. Русиново, иако нема точен податок, најверојатно е изградена пред 1864 година; Успение Богородичино во с. Смојмирово, изградена најверојатно пред 1864 година; Собор на св. апостоли Петар и Павле во с. Ратево, изградена најверојатно по 1864 година; Св. Димитрија во с. Панчарево, изградена меѓу 1864-1886 година; Христово Вознесение во с. Умлена, градена 1904 година; Светите Константин и Елена во с. Разловци).

[11] За нову српску цркву на Брегалници у Берову, „Јужна Звезда", год. II (5 октомври 1923), бр. 78 (40), 2.

[12] АМ,ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 2, бр. 508, 510, 511.

[13] За нову српску цркву на Брегалници у Берову, „Јужна Звезда", op. cit.; Јеремије М. Павловић, Малешево и Малешевци, Београд 1928, 206.

[14] Двете цркви градени во 20-тите години на XX денес не постојат. На нивно место се изградени нови цркви во 80-тите, односно 90-тите години на XX век.

[15] Д. Матевска, op. cit., 99, С. Димевски, op. cit., 923.

1930 година.[16] Св. Јован Богослов во селото Чифлик е градена од 1939 до 1941 година[17] и Св. Атанасиј во селото Мачево е изградена во 1932 година.[18]

Освен овие поголеми црковни објекти, во Малешевијата постоеле и помали цркви и црковени обележја каде што се собирале верниците на определени празници.

Црквите подигнати меѓу двете светски војни се градени од мајстори ѕидари од Малешевијата (мајстори ѕидари имало најмногу од Берово, Смојмирово и Владимирово). На изработката на ентериерот во црквите: дрвените рамки, иконостасите, владичките тронови, живописот и иконописот, исто така, работеле мајстори Малешевци. Меѓу нив најпознати биле Гаврил Атанасов Зографовски, Аце Арнаутовски Арнаутино, Борис Зуграфовски и други. Средствата за изградба на црквите најмногу биле собирани по пат на доброволно дарување од страна на верниците во Малешевијата.

Најголемиот дел од свештениците во околијата биле Малешевци. Од другите краеви на Кралството бил само веќе споменатиот М. Димитриевиќ, а во триесеттите години дошле уште двајца: Саво Јергиќ и Саво Цицмиловиќ – Црногорец. М. Димитриевиќ останал до крајот на својот живот во Берово и е погребан во дворот на манастирската црква Св. Архангел Михаил.

Сѐ до крајот на постоењето на Кралството Југославија свештениците Малешевци биле многу приврзани кон својот роден крај и не сакале да бидат преместувани во други епархии во Македонија и особено не сакале да одат во Србија. Како што забележал Ј. Павловиќ, состојбата била следна: „Во едно малешевско село што има до 150 куќи во 1920 година имало тројца свештеници, додека во Врањската област на 1000–2000 куќи имало еден свештеник. Залудно ќе им се докажува на малешевските свештеници дека ќе живеат подобро ако двајца од нив отидат во Врањската област. Тие на тоа би одговориле: ако е дојдено до тоа да мораат да се преселат, тие нема да го направат тоа, па и по цена надлежните да ги избричат (распопат).“[19] Како резултат на оваа нивна упорност, постојано бил присутен поголем број свештеници Малешевци во овој крај. Бројот на свештениците Малешевци се движел низ целиот меѓувоен период од 23 до 25.

Исто така, голем бил и бројот на калуѓерките во манастирот. Нивниот број се движел од 20 до 40. Сите биле од Малешевијата и од соседните околии: Кочанска, Струмичка, Царевоселска, Петричка и др.

Веднаш по враќањето на српската власт во 1918 година биле евидентирани сите свештеници и тие биле зачленети во Српското православно свештеничко друштво и морале да бидат претплатени на српските црковни весници, како што биле: „Патријаршиски гласник“, „Црква и живот“ и други. Во околијата формирале и духовен суд, по 1931 година преименуван во црковен суд, како и околиски и општински црковни управи во кои влегувале, покрај свешеници, и претставници од жителите односно од верниците од околијата. Православниот околиски намесник, општинските црковни одбори,

---

16 Институт за национална историја (ИНИ), Одделение за документација, м.ф. 250.

17 Д. Матевска, op. cit., 88.

18 Ibidem., 107.

19 Ј. Павловић, Малешево и Малешевци, op.cit., 181.

управата на православното свештеничко друштво требале да се грижат сите наредби од повисоките црковни органи и сите црковни канони строго да се почитуваат и да се спроведуваат во Малешевската околија.

Преку ваквата поставеност, Српската православна црква настојувала да ја исполни најзначајната задача, да помага за повторно воспоставување и одржување на српската власт во Малешевијата и во побрзо србизирање на македонското православно население. Преку проповедите на свештениците, преку инсистирањето кај верниците да се зацврстат одредени празнувања кои биле карактеристични за српската православна црква и за српските народни традиции се одвивал процес на изоставање на некои македонски и локални традиционални навики и обреди или на оние што српските власти ги сметале заостанати од времето на Првата светска војна, кога и Бугарската православна црква имала можност да влијае директно врз верниците во Малешевијата. Карактеристичен е примерот со големата грижа на српските црковни власти да ја одомаќинат куќната слава во овој крај и таа да се празнува на ист начин како во Србија, а да ги занемаруваат празнувањата на имендените. За да се создаде поголема навика за празнување на куќната слава, биле правени списоци за секоја парохија со сите куќи и домаќинства,[20] кое од нив каква слава има или каква им е наложена и на тој ден морале „да сечат колач“ наместо стариот обичај во Малешевијата да се крева „панаѓија“.[21] Сепак, отпорот против ваквото наметнување на куќните слави бил присутен во цела Македонија, но посебно во источниот дел, во кој припаѓала и оваа околија.[22]

Освен форсирањето на новиот (српскиот) начин на празнување на домашните слави и во Малешевијата, српските власти го наложиле празнувањето на празникот Свети Сава и тоа како српски национален и верски празник (на 27 јануари), празнувањето на Врбица, Лазарова сабота (саботата пред Велигден) според српскиот обичај, празнувањето на државниот и просветен празник Видовден (28 јуни – денот на Косовската битка), кога им се давале и свидетелствата на учениците. Посебно се внимавало на вклучувањето на учениците за што побрзо да се свикнат младите на овие нови празнувања и одбележувања на деновите посветени на светителите организирани од Српската православна црква. Преку веронауката во училиштата (неа ја предавале свештениците) и преку редовните посети на црквите (за некои поголеми празници дури и организирано со учителите) српските црковни и просветни власти настојувале да ги навикнуваат учениците на поголема дисциплина во прифаќањето на новите српски одбележувања и обреди, затоа што родителите на учениците потешко ги менувале своите македонски народни традиционални навики и обичаи. Децата биле редовно вклучувани и во изведувањето на богослужбата (литургијата) во црквите. Во Горната црква, како што си ја викаат беровци црквата Св. Архангел Михаил, има една

---

[20] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 1 и 2. (Списоци со домаќинства и со славата што ја имале или ја прифатиле).

[21] J. Павловић, Малешево и Малешевци, op.cit., 194-197.

[22] С. Димевски, op.cit., 909.

просторија на катот каде што стоел детскиот црковен хор за време на богослужбата.[23]

Но и покрај тоа, сите начини, мерки и средства на српските власти преку српската црква да влијаат на изоставање на старите македонски и на локалните малешевски верски обреди и обичаи не дале големи резултати. Имено, иако Малешевците на чело со своите домашни свештеници нешто прифаќале од новото српско црковно влијание, тие и понатаму си ги чувале и ги негувале своите стари малешевски црковни обичаи како оние за Нова година, Божиќ, Богојавление – Водици, поклади (прочка), Благовец, Ѓурѓовден (преку посета на црквите и црковните обележја, со излети и со носење јадење и со раздавање за здравје и за плодност на доботокот), масовно ги посетувале своите цркви и црковни обележја на празниците Св. Илија (2 август) и Св. Богородица (28 август) и колеле курбан, ги одржувале обичаите на деновите на некои занаетчии, како што биле: Св. Спиридон – ден на чевларите, Св. Игнат – ден на ковачите, Св. Архангел – ден на касапите и други.

Еден од најкарактеристичните народни верски обичаи во Малешевијата, секако, е одржувањето собори во сите места на денот на празникот што го славеле сите од градот или селото: Св. Богородица (Балаклија) во Берово, Св. Петар и Павле во Пехчево и Ратево, Св. Константин и Елена во Негрево, Св. Спас во Владимирово, Св. Атанас во Мачево (Мачески Атанасовден), Св. Тројца во Русиново итн. На овие собори иделе луѓе не само од целата Малешевија туку и од соседните околии. Се идело на визита по куќите и се ручало во куќата во која ќе се затечат напладне, а потоа сите излегувале на определено место (во Берово такво место редовно бил Умленскиот рид), а во селата најчесто на центарот – мегданот во селото и овие собори завршувале со песна и со оро.

Српските власти биле против ваквите големи собири на населението од Малешевијата. Под изговор дека се прават големи трошоци со ваквиот традиционален малешевски начин на празнување, направиле обид со наредба на општинскиот суд во Владимирово да ја прекинат визитата и да се дава ручек само во куќата каде што ќе се појде првпат и таму да се остане. „На ваквата наредба сите владимирци протестирале, бидејќи на тој начин им се забранувале старите обичаи, а се воведувало ново време, за кое не се знаело што ќе донесе. Многумина го молеле судот да ја повлече оваа наредба. Тие овој свој празник повторно си го прославувале по стариот обичај.“[24] Несомнено, овој обид требало да ги прекинат масовната комуникација, одржувањето врски и познанства и размената на мислења за многу прашања, а кои српската власт не можела да ги контролира.

Но кога српските власти увиделе дека не ќе можат да ги променат традиционалните собори, тие започнале да ги користат за свои политички цели. Како карактеристичен пример ќе го наведеме соборот на Св. Богородица Балаклија во Берово од 1935 година, кој се совпаднал со предизборните борби за петомајските парламентарни избори. Тогаш во Берово на Умленскиот – Ѓерин-

---

[23] Според кажувањата на бабите (калуѓерките) Кирикија (родена 1900 г.) и Томаида (родена 1918 г.) изнесени пред авторот на 8.8.1991 година во Берово.

[24] Ј. Павловић, Малешево и Малешевци, op.cit., 215.

скиот рид имало две музики и две ора: едно на режимската партија – Југословенската национална странка на Богољуб Јефтиќ, а другото на Здружената опозиција на Влатко Мачек. Се слушале и многу предизборни пароли.

Српските власти посебно биле внимателни при проверката на писмените и материјалните траги што останале во Малешевијата од времето на бугарската окупација во текот на Првата светска војна. За да се избрише сѐ што останало од периодот кога Малешевијата била под бугарска власт, по наредба на епархиските црковни власти, православниот наместник за Малешевска околија во есента 1924 година побарал од сите свештеници во парохиите да ги соберат и да ги предадат сите црковни печати и книги водени на бугарски јазик.[25] Во март 1928 година била пренесена наредбата од епархискиот духовен суд и во оваа околија да се проверат сите ѕвона (камбани) во црквите и доколку се најде некој натпис на несрпски јазик, т.е. на странски јазик, истиот да се премачка, да се истружe и слично за да не остане ништо на него.[26] Од добиените одговори на свештениците од сите парохии во Малешевска околија се гледа дека тие биле принудени оваа наредба да ја извршат дисциплинирано.

Српските власти внимавале и на однесувањето на свештениците, дотолку повеќе што речиси сите биле Малешевци. Иако црковните власти од епархијата, особено преку духовните судови во Малешевската околија, настојувале да го контролираат движењето на свештениците во околијата и надвор од неа, да внимаваат на нивното однесување спрема верниците, на нивниот морален живот, сѐ со цел тие да им бидат пример на православните верници во Малешевијата. Сепак, се појавувале одредени екцеси, некои постапки на свештениците биле прогласени од српските власти како некоректни, недолични или, пак, одредени свештеници, кои порано биле егзархисти или биле третирани како такви, од политички причини биле осомничени за непријателско однесување.

Меѓу оние свештеници што уште од самиот почеток биле посочувани како непријателски расположени спрема српските власти бил свештеникот Серафим Николиќ (Мишовски) од с. Ратево. Уште во првата година по враќањето на српската власт во Малешевијата била направена проверка дали тој навистина се занимавал со недозволена трговија. Неколку години подоцна истиот пак бил осомничен за одржување на недозволени врски со некоја жена од истото село, па бил повикан на испитување кај околискиот верски наместник.[27] Врвот на ова сомничење и шиканирање на свештеникот бил, најверојатно поради неговиот поранешен добар однос и соработката со бугарската власт од претходниот период, неговото апсење и спроведување со жандари за Струмица во 1927 (или 1928) година. Истиот, при спроведувањето од жандарите, бил убиен на патот меѓу Берово и Струмица и неговото тело било донесено на коњ во селото Ратево. Неговото убиство српските

---

[25] АМ, ПО, Штип, ф., Православни наместник среза Малешког, Берово, кут. 1, бр. 968.
[26] Ibidem, кут. 2, арх. бр. 164.
[27] АМ, ПО, Штип, ф., Православни наместник среза Малешког, к. 1.

власти им го припишале на комитите, односно дека свештеникот бил убиен во судирот на жандарите со комитите на ВМРО во местото Широка Полјана.[28]

Меѓу оние што побудувале извесно сомнение и недоверба кај црковните власти, а најверојатно и кај српските административни власти во Малешевската околија бил и свештеникот Јован Парѓовски од селото Русиново. Во првите години српската власт него го оставила да врши свештеничка служба во своето родно село, но потоа 1921 година го преместила во Царево Село, каде што бил и архиерејски намесник. Кон средината на дваесеттите години, тој повторно бил преместен уште подалеку од неговото родно место, дури во Гевгелија, каде што останал сè до 1932 година. По долги барања и молби упатувани до архиерејот на Злетовско-струмичката епархија, овој свештеник одвај добил преместување во Малешевската околија и тоа не во неговото родно место Русиново туку во Пехчево, каде и умрел во декември 1941 година.[29] Најверојатно, на ваквото однесување на епархиските власти кон овој свештеник влијаело не само тоа што бил поранешен егзархиски свештеник, туку и тоа што пред и за време на Првата светска војна бил во Бугарија во градот Ќустендил од каде била и неговата сопруга

Поради ненаведени причини уште еден свештеник од Малешевијата бил отстранет од служба. Тоа бил Ѓорѓи Цеков од с. Будинарци, свештеник во Митрашинската епархија. По одлука на злетовско-струмичкиот архиерей Венијамин, нему во март 1928 година му било забрането натамошно чинодејствување.[30] И во овој случај можеби биле во прашање политички причини. Ѓорѓи Цеков бил татко на Ефтим Цеков, убиениот во 1925 година малешевски војвода на ВМРО.

Свештеникот од Берово Ефтим Ѓорѓиев во 1922 година бил затворен и под истрага затоа што со петмина негови другари стоел на чело на еден заговор на приврзаниците на идејата за автономија на Македонија и кај нив бил најден еден проглас до населението.[31]

Во текот на 1925 година имало несогласување меѓу управата на женскиот манастир и парохискиот свештеник во црквата Св. Архангел Михаил, Ефтим Ѓорѓиев (Миличински). Игуманијата Евгенија на 29 март 1925 година упатила писмено барање до намесникот на Малешевска околија Илија Кацарски да се премести свештеникот Ефтим од црквата Св. Архангел Михаил бидејќи имал недолично однесување и правел сплетки и предизвикувал нетрпеливост меѓу сестрите-калуѓерките.[32] Впрочем, за овој свештеник Ефтим (горен поп Ефтим – шегаџијата) и денес во Малешевијата се прераскажуваат шеговити досетки и приказни, посебно за неговото однесување со жените.

---

[28] Според податоци дадени на авторот на 4.8.1991 г. од: Санде Андоски (роден 1911 г. во Ратево) и Јован Портарски (роден 1912 г. во Ратево).

[29] МАНУ, Скопје, ф., Венцеслав Парѓовски, кутија 2, Преписка.

[30] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, Берово, кут. 2, бр. 119.

[31] Илинден, Орган на бившите македоно-одрински революционери, год. II (22. август 1922), бр. 34. 1,

[32] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 2, бр. 233.

Епархиските црковни власти од Злетовско-струмичката епархија им посветувале посебна грижа на редовните уплати на епархискиот данок и другите давачки од Малешевската околија. Во таа смисла тие внимавале на приходите што ги имал женскиот манастир од имотот, на објектите и закупнината што ја добивал од нив итн.

Што се однесува до сопственоста на недвижниот имот на црквите и манастирите, таа начелно била навестена уште во февруари 1919 година, односно дека сите имоти ќе бидат оставени во сопственост на црквите и манастирите.[33] Но од подоцнежната преписка околу оваа сопственост и издавањето документи за неа, се гледа дека тоа прашање не било регулирано повеќе години. Сепак, имотите им биле оставени на црквите и манастирот во околијата, а само мал дел бил земен таму каде што се правеле патишта и тие зафаќале и од манастирскиот имот. Аграрната реформа на српските власти не ги опфаќала овие имоти. Дури се споменува дека митрашинската црква Св. Илија била предвидена за доделување земјиште од тој аграрен фонд во висина од 10 хектари.[34]

Сестринската заедница во манастирот имала доста солидни приходи од градините и овоштарниците во околината на манастирот, од сандаците со пчели, од водениците на реката Брегалница веднаш под манастирот, од имотот, ливадите и пасиштата во Малешевските Планини во месноста Туртела, каде што чувале доботок – овци и говеда.

Црквата организирала собирање на доброволни прилози за најразлични случаи, за помош на руските народ поради последиците од револуцијата, за Вишата руска семинарија во Париз, за Херцеговско-захумљанската црква, на денот на Црвениот крст, редовно за сиромашните, сирачињата и хендикепираните лица и земала учество во други хуманитарни акции. Во разни добротворни и хуманитарни акции учествувале и калуѓерките од Беровскиот манастир.

Во Малешевијата голем бил интересот на младите да се школуваат за идни свештеници. Во триесеттите години, ученици од Малешевијата се школувале во Православната богословска школа во Битола.[35] Во истиот период имало студенти на Теолошкиот (Богословскиот) факултет во Белград[36] и еден студент на Теолошкиот факултет во Атина (Грција).[37] Некои помлади свештеници кои завршиле богословија веќе биле поставени на служба.[38]

---

[33] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к. 1, бр. 36.

[34] Ibidem, к., 2, бр. 109.

[35] АМ, Скопје, ф. Друштво Свети Сава 1878-1940, бр. 4729, 5555 (Тоа биле: Аврам Зифовски од с. Робово, Александар Мадешов од Пехчево).

[36] (АМ, м.ф. 2042 (ф. Милан Стојадиновиќ) (Список на студенти од Вардарска бановина на факултетите и високите школи во Белград – 1936 г.); МАНУ, Скопје, ф., Венцеслав Парѓовски, кутија 2, Преписка. (Тоа биле Теохар Теохаров од Берово и Венцеслав Парѓовски од с. Русиново).

[37] АМ, м.ф. 2042 (ф. Милан Стојадиновиќ, Список на студентите од Вардарска бановина на факултетите и високите школи во странски држави – 1936). (Во Атина се школувал Стојан Гошевски од Берово).

[38] Меѓу нив биле: Методи Габеров од с. Русиново и Никола Поповски до с. Митрашинци.

Непосредно пред распаѓањето на Кралството Југославија имало неколку ученици на школување и во богословијата во Призрен.[39]

Големиот број свештеници од Малешевијата како и покажаниот интерес на младите за нивно школување за свештеници е резултат на повеќе околности. На прво место, тоа е традицијата за таа професија уште од турскиот период, потоа релативно добрата ситуираност на свештениците поради нивните приходи, стипендиите што ги давало друштвото Свети Сава, но и верата во црквата како заштитничка на сè што е духовно, народно, свое – словенско и македонско. Тоа е мошне интересно изнесено од еден анонимен автор на написот „Малеш и Малешевци" објавен во сп. „Јужна Србија" во 1922 година. „Малешевецот се одликува со својата побожност. Речиси секое село има своја црква и црквена уредба и еден, два, три па и повеќе попови кои излегле од словенските таканаречените *ќелијни училишта*, какви што имало во Малеш до неодамна. До скоро во овие краеви црквата била единствената надеж во тешките времиња, а попот – жива утеха."[40]

Во сите места во Малешевијата активно учествувале во богослужењето во црквите и такви луѓе што од разни причини се определиле за тоа. Тоа биле служителите – питропите, луѓето што учествувале во црковниот хор и поединци црковни пејачи. Тие обично биле еснафлии луѓе, кои ги знаели дури и напамет сите црковни пеења за целата богослужба за секој празник. Еден од најпознатите црковни пејачи (што псалеле) бил Михаил Кацарски од Берово, кој имал завршено ќелијно училиште уште во втората половина на XIX век и се подготвувал да стане свештеник, но не се запопил.

Српските власти во околијата настојувале на секој начин да ги поддржуваат оние свештеници што се покажувале лојални спрема власта, да ги привлечат и оние што се држеле неутрално, но и оние што покажувале извесна самостојност во некои одлуки. Тоа го правеле преку ангажирањето на свештениците во сите духовни, односно црковни органи и во сите црковни празнувања, одбележувања и манифестации, но и преку активно учество на свештениците во одбележување на државните празници, на српските национални манифестации, осветување на разни граѓански објекти итн, сè со цел да се всади српска национална свест кај Малешевците. За оние свештеници што покажувале нелојалност кон српаската власт или отворено несогласување биле применувани ригорозни мерки.

Свештениците биле ангажирани и во политичкиот живот. Не само што влијаеле врз верниците пред изборите да гласаат за владините – режимските партии, туку и самите се кандидирале на општинските избори за локалната власт, дури и за пратеници во Народната скупштина во Белград, како што бил случајот со свештеникот Саво Јергиќ, кој на изборите во 1938 година бил на листата на Југословенската радикална заедница – ЈРЗ на Милан Стојадиновиќ, а свештеникот Саво Цицмиловиќ на листата на Здружената опозиција на Влатко Мачек.[41]

---

[39] Такви биле: Мико Кацарски, Ахил Теохаров и Јован Цикарски.

[40] Малеш и Малешевци, „Јужна Србија", кн. II, бр.14 – 1.10,1922, 218.

[41] Надежда Цветковска, Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941), Скопје 1996, 203.

Свештениците биле, исто така, по разни основи вовлекувани и во поттикнувањето и проширувањето на антибугарското расположение, но и против пропагандно-терористичката дејност на четите и атентаторите на ВМРО, а за поддршка на сите мерки на српската војска, жандармеријата и на контрачетништвото во борбата против споменатата ВМРО. Свештеници доброволно или под принуда членувале во одборите на Здружението против бугарските бандити. Членовите на одборите и пододборите на ова здружение во Малешевска околија, во април 1924 година требало да дадат заклетва пред еден свештеник. Архиерејскиот намесникот на Малешевската околија И. Кацарски го определил свештеникот Ефтим (горен поп Ефтим) да ја изврши задачата околу заклетвата.[42]

Во својство на архиерејски намесник на Малешевската околија, Илија Кацарски бил еден од говорниците на големиот митинг од 7 мај 1926 година одржан во Берово, со цел да се искаже антикомитското расположение на населението од Малешевијата, а по повод атентатот извршен во Струмица на 1 мај (Велика сабота) од терористи на ВМРО.[43]

Свештениците во Малешевијата имале голем авторитет не само кај српските власти туку и кај членовите на ВМРО од двете струи: михајловисти и протогеровисти. Кога требало да се бара контакт со власта на споменатите струи во ВМРО, меѓу оние што можеле да бидат посредници биле и свештениците. Имено, по убиството на А. Протогеров летото 1928 година, неговите приврзаници се нашле во тешка ситуација бидејќи биле потиснати од појаката струја на И. Михаилов и барале начин да се вратат во своите краеви во Македонија под српска власт. Некои протогеровисти се обратиле со писмо до свештеникот И. Кацарски од Берово и до учителот Јован Чоклев од с. Русиново и барале тие да се заземат и да гарантираат за нив пред српските власти, за да им се дозволи на оние протогеровисти што не направиле големи грешки или тешки кривични дела да се вратат во своите домови.[44] Тоа повлекло административно и полициско следење од српските власти во околијата на споменатиот свештеник И. Кацарски.

На свештениците Малешевци им било мошне тешко да опстојат во една погранична и немирна околија, а да не бидат погодени од мерките на режимот. Од една страна биле ставени во ситуација да зависат од српските власти, од друга страна, пак, биле тесно поврзани со верниците, односно со населението, а дел од тоа население било отворено антирежимски и антисрпски расположено. Токму затоа, свештениците често се наоѓале во улога на посредници меѓу власта и народот, но и во заштитничка улога на своите верници, се разбира, не иритирајќи ги српските власти. На крајот, слободно може да се заклучи дека свештенството во Малешевијата меѓу двете светски војни претставувало еден општествен слој со сопствен начин на однесување во својата средина.

---

[42] АМ, ПО, Штип, ф., Православни намесник среза Малешког, к.,1, бр. 402.

[43] АМ, м.ф. 2042.

[44] ИНИ. Одделение за документација, м.ф. 252 (пов.бр. 589, 14 мај 1929 г. ).

Darinka PACEMSKA PETRESKA

## LES CIRCONSTANCES ECCLÉSIASTIQUES DANS LA RÉGION DE MALESENTRE LES DEUX GUERRES MONDIALES

Dans une des régions limitrophes, la plus à l'Est de la Macédoine, Males, pendant la domination serbe d'entre les deux guerres mondiales, les autorités serbes essayaient de se servir de l'Eglise et du clergé orthodoxe pour réaliser la politique d'assimilation serbe. Prèsque tous les prêtres étaient du pays et ils tâchaient, à tout prix de rester là, parmis leurs fidèles, ils refusaient les propositions de déplacement dans d'autres régions et ne voulaient surtout pas aller en Serbie. Les croyants orthodoxe chrétiens étaient fermement attachés à leurs anciens coutumes et rites traditionnels macédoniens et vieux slaves et en dépit des pressions faites par les autorités ecclésiastiques serbes, ils reussirent à maintenir l'esprit populaire et chrétien.

Traduit par
Divna Simić